***Во ноември месец 2006 година Топлификација АД го поднесе првиот иницијален предлог до Регулаторната Комисија за Енергетика (РКЕ) за отварање на пазарот на топлинска енергија.***

***Законските услови за тоа се оддамна исполнети. Во далечинското греење на објектите се дефинирани три регулирани дејности:***

1. ***Производство на топлинска енергија;***
2. ***Дистрибуција на топлинска енергија ;***
3. ***И снабдување со топлинска енергија.***

***Секоја од овие дејности може да се реализира посебно, во секоја од овие дејности можат да бидат вклучени повеќе правни субјекти, за секоја од овие дејности, согласно методологијата, можат да се дефинираат регулирани цени, а за системот со кој оперира Топлификација АД истите се дефинирани.***

***Топлификација АД е подготвена оваа инцијатива да почне да се реализира во топлификационите системи со кои таа оперира. Последниот формален услов за оваа идеа да се реализира е исполнет со поставување на нови мерачи за испорачана топлинска енергија од секоја топлана на топлификациониот систем. За мерачите кои претходно постоеа во секоја од топланите не беше можно да се добијат валидни сертификати за нивната точност.***

***Од пред неколку месеци на секој излезен вод од секоја топлана се вградени сертифицирани мерни уреди за мерење на испорачанатa топлинска енергија. Со тоа се создадени услови на ској излезен вод од топланите да може да конкурира посебна фирма за дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.***

***Во ТО Исток постојат три посебни вода кои излегуваат од топланата, во ТО Запад постојат пет посебни вода кои излегуваат од топланата, во ТО 11 Октомври има еден излез и во ТО Скопје Север има еден излез.***

*Тоа значи дека во регулираните дејности дистрибуција и снабдување со топлинска енергја можат теоретски да се вклучат 10 различни субјекти, кои ќе вршат дистрибуција и снабдување во реоните од градот кои се приклучени на десетте посебни излеза од четирите спомената топлани.*

*Во моментот сето тоа го прави Топлификација АД и Скопје Север АД кој е ќерка фирма на Топлификација АД. Во моментот нивото на услуги во оваа дејност зависи само од способноста на Топлилфикација АД да ги организира овие дејности.*

*Со овозможување во извршувањето на дејностите да се вклучат и други фирми ќе се добие можност за реално вреднување на квалитетот на услугата кој се добива во овие дејности.*

*Имајќи го оваа во предвид надлежните во оваа област, Министерството за Економија, РКЕ и локалната самоуправа треба веднаш да ја прифатат оваа идеа и во најкраток можен рок, најдолго до почетокот на следната грејна сезона да овозможат реално вклучување на други заинтересирани субјекти во оваа енергетска дејност.*

*За да нема формални пречки во реализацијата на оваа идеа Топлификација АД е подготвена да се откаже од лиценците за дистрибуција и снабдување на топлинска енергија на дел од реоните во градот Скопје каде ќе има интерес од дрги субјекти и каде нивната понуда за вршење на овие дејности ќе биде поповолна од сегашните услови во кои Топлификација АД ги врши овие дејности.*

*07.03.2008*

*Претседател на У.О на*
*Топлификација АД Скопје*
*Д-р Димитар Хаџи Мишев*